**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**
**СПИ-8/25**
**15.05.2025**

**ПРЕДМЕТ :** Одговор на барање за пристап на информации од јавен карактер на новинар Дејан Трајковски од Канал 5 и новинар Наталија Јосифовска од медиум 24 инфо.мк

Почитувани по однос на Вашето барање за информација од јавен каратктер поднесено на ден 15.05.2025 година со кое барате информација за кривичен предмет К.бр.522/23 .

Ве известуваме дека на ден 09.05.2025 година, на записник, им беше соопштено на учесниците во постапката дека пресудата ќе биде објавена на ден 14.05.2025 година во 13:00 часот во судница бр.71.

На закажаното рочиште за објава, на ден 14.05.2025 година во 13:00 часот на објавувањето не беа присутни странките на постапката, беа присутни само од семејството на оштетената (покојната) и нив им беше усно јавно објавена пресуата.

Согласно ЗКП од денот на изрекување и објавување судот ја изготвува писмено пресудата во рок од 15 дена а за сложен предемт во рок од 60 дена и ја доставува до странките и полномошникот на оштетените. Судот во целост постапи согласно одредбите од ЗКП.

**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**
**Претседател**
**м-р.Татјана Петровска**

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА РСМ

**Изработил**
**Судија Цветанка Никодиноска**